**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**Бр. 08-670/5**
**17.06.2021 година**
**КРУШЕВО**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 38 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/2019 и 7/2020) и одредбите од Методологијата за определување на критериуми за доделување на финасиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево бр.08-423/11 од 05.04.2018 година, Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 17.06.2021 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за доделување на финансиски средства на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши распределба на финансиски средства за финансирање на проекти на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево за 2021 година.

**Член 2**

Финансиските средства од Буџетот на Општина Крушево во вкупен износ од 325.000,00 денари се распределени и доделени на следниов начин:

1. Здружение Одбојкарски Клуб “СИНАЛКО” од Крушево, 65.000,00 денари, по Годишна Програма;
2. Црвен крст на Република Северна Македонија-Општинска организација Крушево ООЦК Крушево, 25.000,00 денари, по Годишна програма;
3. Ловечко друштво ЕЛЕН Крушево, 50.000,00 денари, по Годишна Програма;
4. Фудбалски клуб ФК ПИТУ ГУЛИ Крушево, 65.000,00 денари, по Годишна Програма;
5. НВО Центар за хумани односи Крушево, 30.000,00 денари, по Годиш на Програма;
6. Здружение Клуб за алпско сијање СТАНИЧ Крушево, 10.000,00 денари, по Годишна Програма;
7. Пинг понгарски клуб “Крушево”-Крушево – ППК “Крушево”, 60.000,00 денари, по Годишна Програма;
8. Фудбалски клуб ФК БУЧИН с.Бучин Крушево, 20.000,00 денари, по Годишна Програма;

**Член 3**

Општина Крушево на својата веб-страна ќе ги објави резултатите од повикот и целосниот извештај за распределба на средствата со доделената сума и називот на здружението и фондацијата.

Општина Крушево ќе ги информира здруженијата и фондациите за доделените средства за календарската година.

**Член 4**

По донесување на одлуката и нејзиното јавно објавување, Општина Крушево и здруженијата или фондациите кои имаат добиено средства, во рок од 15 (петнаесет) дена од стапувањето во сила на одлуката, склучува договор со кој се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

*Совет на Општина Крушево*
*Претседател,*
*Тома Петроски*